ОПШТИНА ЛОЗОВО
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
Примено: 29.12.2021
Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност:
0801 | 2383/1 | |

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02) член 22- а од Законот за спортот („Сл. весник на РМ" бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 06/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и ''Службен весник на РСМ''бр.98/19и 244/19) и чл.21 од Статутот на општина Лозово (Сл.Гласник бр.02/05, 29/14 и 73/17) Советот на општина Лозово на седницата одржана на ден24.12.2021год. донесе:

# *П Р О Г Р А М А*
## *ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ЛОЗОВО ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ВО 2022 ГОДИНА*

Архивски знак: 0801
Рок на чување: трајно год.
24.12.2021 год.
Потпис:

### **I ВОВЕД:**

Вклученоста на спортот и спортските активности во секојдневието на младите допринесува за изградбата на здрави млади личности. Само физички активната младина може вистински да го развива својот интелектуален потенцијал и да гради силна волја и јак морален дух. Спортот и физичките активности се важни за здравјето на младите, што им помага во процесот на совладување на наставните содржини, во напорната работа, во секојдневните предизвици, како и во постигнувањето на успехот.

### **II.ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на општина Лозово кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на спортот и активно учество,вклучување во општествениот живот преку организациони одбори и здруженија на граѓани.
- Насочување на младите кон спортскиот живот и спортските активности.
- Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско рекреативниот живот во општината.

-Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот.

-Афирмација на Општина Лозово како развиен спортски центар во Македонија и надвор од неа.

-Афирмација на Општина Лозово во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

-Афирмацијана сите спортски клубови и поединци кои постигнуваат успех во Македонија и надвор од неа.

### **III АКТИВНОСТИ**

Активностите на општина Лозово од областа на спортот ќе бидат насочени кон поттикнување,поддржување и помагање за остварување на целите на оваа програма и тоа:

-Поттикнување на младите кон спортскиот живот и спортските активности.

-Реализирање на манифестации,програми и проекти од областа на спортот кои даваат посебно обележје на општина Лозово.

-Одржување на турнир во фудбал.

-Остварување на продуктивна соработка со асоцијации,организации и фондации кои го помагаат развојот на спортот во локалната заедница.

Општина Лозово ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси. Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни

резултати и го афирмираат Лозово во државата и надвор од неа, како и за равој и поддршка на спортовите во подем.Општина Лозово ќе ги подржи со финансиски средства од Буџетот за 2022год , организаторите на традиционалното одржување на турнири во мал фудбал на територијата на општина Лозово.

**IV .ФИНАНСИРАЊЕ**

Поаѓајќи од значењето и улогата на спортот,во насока на неговото поттикнување,поддржување и помагање како и подршка за развој на фудбалскиот клуб ФК работник и организационите одбори во мал фудбал со цел уште повеќе и помасовно да ги насочиме младите кон спортскиот живот и спортските активности,општина Лозово од буџетот за 2022 год ќе финансира средства за реализација на оваа програма.

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебни ставки од Буџетот на општина Лозово.За остварување на целите и принципите кои произлегуваат од програмските определби, а со цел за непречено, ефикасно и навремено реализирање на зацртаните активности на спортскиот клуб ФК Работник,организациони одбори и се активни на територијата на општина Лозово, потребни се следниве финансиски средства:

| | | |
|---|---|---|
| Турнири во Општина Лозово | Организационен одбор | 200.000 денари |
| Изградба на игралиште на песок за одбојка и фудбал | Општина Лозово | 250.000 денари |
| Финансирање на ФК Работник | Спортски клуб | 300.000 денари |
| Фитнес зона | Општина Лозово | 200.000 денари |

Општина Лозово од Буџетот за 2022год ќе обезбеди вкупно :950.000 денари за активностите во спортот на општина Лозово за 2022год.

**V. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

Освен со финансиски средства општина Лозово спортските манифестации ќе ги помага и со:

-Почесно покровителство;

-Доделување награди и признанија;

-Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;

-Учество на промотивни и протоколарни средби

- Организирање кампањи за промовирање на здравиот начин на живот; -Организирање анкети за да се утврди јавниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

**VI.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Лозово".

***Дата***
**24.12.2021год.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ЛОЗОВО ОПШТИНА ЛОЗОВО

***Совет на Општина Лозово***
***Најстар член-Владе Миланов***

**Изработил : Помлад соработник за изработка на програми,проекти и планска документација за заштита на животната средина**

**Александар Јакимовски**